LACTALIS
MK MLEKARNICA

*Советува!*

# Златни правила - Антибиотик

**За да се избегне присуство на остатоци од антибиотици во млекото, за фармерите и целата млечна индустрија е најважно:**

- Да се разбере влијанието и штетноста врз здравјето на луѓето.
- За нас, како млечна индустрија, во прашање е безбедноста на храната, технолошкиот процес и имиџот на компанијата.
- За фармерот е економскиот проблем, казната и одговорноста. Предавање на млеко со антиобиотик е измама!

**Како најважно, водете грижа за здравјето на добитокот бидејќи при почести заболување се зголемува можноста за употреба на антибиотици.**

## Цел 1 Заштита на имунолошкиот систем на животните

- Со добра сточарска пракса до помалку стрес
- Со добра и здрава исхрана
- Со добра хигиена: на молзење, на објектите (особено на лежиштата) и на опрамата за молзење
- Со добро функционирање на машината на молзење и правилното молзење

## Цел 2 Спречување на зарази

- **Не внесувајте нови животни или придржувајте се до следните правила :**
  - Купувајте нови животни со проверени здравствени уверенија и барајте дополнителна гаранција во однос на здравствената состојба)
  - Барајте да биде исполнет целиот протокол за испитување од заразни болести (при увоз на нови грла)
- Не дозволувајте контакт со ново купените грла барем една недела.
- Контрола на хигиената и безбедноста на сточната храна од преработката па се до доставувањето.
- Животните да имаат пристап само до квалитетна и контролирана вода за пиење.
- Борба против глодарите со проверени методи и производи.
- Посетителите да влегуваат само преку дезинфекциони бариери. Да има места за миење на обувките.
- Добро управување со ѓубрењето на пасиштата. (Одлежување на арското ѓубриво неколку месеци и користење на пасиштето најмалку 3 недели по ѓубрењето).
- Ако на имотот се одгледуваат и други видови на животни, треба да бидат физички одвоени и да се менува облеката и обувките при работата со различните видови животни.

## Цел 3 Избегнување на инфекција

- Редовно да се ажурираат промените во бројот и идентитетот на животни на фармата, за полесно управување при појава на заразни болести на фармата.
- При појава на заразни болести, во најкраток рок да се изолираат позитивните и сомнителните животни. Особено при појава на абортус.
- Повикување на ветеринар при појава на симптоми на зараза, особено при абортус.
- Безбедно отстранување на мршите и спречување на нивно растурање од кучиња или диви животни.
- Темелно чистење, дезинфекција на целиот објект барем 2 пати во годината.

**Лацталис МК Млекарница ДООЕЛ,**
Индустриска бб, 7000 Битола, Северна Македонија

# Размислување за користење на алтернативни средства, наместо антибиотици ?

## Пример за алтернативен третман на клинички маститис:

- **Потполно измолзување на вимето:**
  При појава на маститис, три пати на саат време, да се измолзува вимето до крај. Со тоа се намалува бројот на бактериите во вимето и се забрзува оздравувањето. Ова треба да се повтори и при следното молзење.

- **Ароматерапија:**
  Со помош на ароматичните масла на растенијата може да се намали воспалението при маститис. Овие производи се во висока концентрација и треба да се биде внимателен при употребата. Потребна е обука и добро информирање за употреба на овие препарати. Терапевтските својства на овие масла се антибактериски, антивирусни, стимулативни, анти воспалителни , смирувачки и потикнуваат задравување. Само едно ароматично средство содржи околу 1000 различни биохемиски молекули.
  - Интра мамарна апликација на овие масла не е препорачана
  - Масажа на вимето, со есенцијални масла, е препорачана постапка за нанесување на овие производи. Најчесто есенцијалните масла се комбинираат со масла кои полесно продираат преку кожата (сончогледово , бадемово или сусамово масло).

**Есенцијалните масла се моќни препарати, но внимавајте на нивната правилна употреба бидејки можат да доведат до намалување на млечноста, а во ретки случаи и до позитивен антибиотски тест.**

- **Фитотерапија:**
  Со употреба на некои растенија, или делови од нив, во исхраната како додаток , се подобрува балансот на витамини, се заштитува џигерот и сл.

- **Хомеопатија**:
  Се употребуваат растителни, животински или минерални производи во растворена или концентрирана форма.

- **Облози од глина**
  - мешавина од 45% глина и 55% вода
  - се припрема мешавината најмалку 2 часа пред третманот
  - отстранување на старата облога откога прво добро ќе се наводени со топла вода, за да се избегнат ситни рани при отстранувањето.

**Задолжително правилно употребувајте ги антибиотиците.**

# 4 правила за да се избегнат антибиотиците во млекото

## 1 Веднаш да се обележи кравата која е третирана

Обележување на кравата со видливи белези.

Следење на протоколот при давање антибиотици и запишување на сите третмани на вимето во здравствениот картон.

Информирање на сите молзачи и сите кои се вклучени во молзењето на кравите.

## 2 Зголемено внимание при молзењето

Одвоено молзење на третираните крави

Посебен сад за измолзување на третираните крави

Темелно чистење на цуцлите после молзењето на третираните крави

## 3 Испорака на млекото навреме

Не предавање на млекото ако:

- Е во фаза на колострум односно не во првите 7 дена

- Почитување на препораката на ветеринарот за каренца (особено во случај на предвремено телење или пократок период на пресушување)

## 4 Ало, млекара!

Информирање на млекарата во случај на сомнеж

Означување на садот во кој се наоѓа антибиотичното млеко за да не дојде до несакан откуп на истото.

**Внимателноста да биде иста со употребата на антибиотик и кај молзните и кај пресушените крави!**

# Факти за Лакталис

- Основана во 1933 година од Андре Бение во Лавал, низ три генерации, Групацијата Лакталис остана верна на својата првична заложба за преработка на млеко.
- Денес е глобален лидер во млечната индустрија.
- Број еден производител на сирење во светот.
- Европски лидер во рамките на потрошувачката на млеко и на пазарите на путер и млечни намази.
- Располага со 250 производствени погони во 50 земји ширум светот.
- Вработува 80.000 луѓе во 94 земји ширум светот.
- Остварува годишен промет од 18,5 милијарди евра.
- Лакталис МК Млекарница станува дел од големото светско семејство Лакталис во 2007 година.
- Еден од главните двигатели на развојот на групацијата Лакталис се млекопроизводителите чија иднина е сигурна преку растот на Лакталис.
- Главните одговорности на одделот за сурово млеко во склоп на Лакталис е оптимизирање на рутите за собирање на млеко и обезбедување на врвен квалитет на сурово млеко кое е здраво и хранливо.
- Одделот за сурово млеко на Лакталис посветено работи кон едукација на млекопроизводителите за употреба на современи и проверени практики со цел добивање на повисок квалитет и количина на млеко.